# CRIMINOLOGY ANALYSIS OF VIOLENCE AGAINST WOMEN AND FAMILY VIOLENCE IN REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA DURING THE PANDEMIC-COVID 19

**Robert Dauti**
Lawyer's office „Useini", North Macedonia, robertdauti@outlook.com
**Anita Dauti**
Ministry of Finance, North Macedonia, anitadauti7@gmail.com

**Abstract:** In emergency situations such as the global pandemic caused by the deadly virus Covid-19, family violence as a phenomenon is often overlooked. In front of the public eye, patterns of delinquent behavior were changing and the characteristics of crime in general. The whole world was focused on the pressure on health systems, measures to protect human health and the economy. Family violence has become an even more serious problem, a parallel "shadow pandemic" which globally recorded an increase of 20% in conditions when the overall crime rate in 2020 was in expected decline. At first glance, such indicators do not surprise, either bypassed Republic of North Macedonia in view of the epidemiological measures that partially or completely restricted the movement of citizens throughout the entire territory of the country in order to prevent the spread of the Covid 19 infection. The states were put to a serious test in the planning and design of the measures and in terms of the readiness of the institutions in the protection against violence, where the rights of women victims of domestic violence were the first to be hit. Practically, the most vulnerable among us were inadvertently put in a "trap", forcibly confined in their already insecure home together with potential abusers. The prevalence of violence against women and family violence in general is difficult to determine and quantify, taking into account the sensitivity and complexity of the subject, distrust in institutions and stigmatization of victims. However, the author within the scope of the researchwill try to give a general overview of the situation, including comparative indicators and the problems with family violence and discrimination that women faced during the world's largest pandemic in Republic of North Macedonia in 2020, against the effectiveness of government measuresthat caused limited movement, social isolation and financial insecurity. The analysis of these issues requires a quantitative approach that includes various research tools and methods, relevant documents, laws, studies, performed analyses, statistical reports from competent institutions in the field of domestic violence and gender-based violence with a central focus on women-victims. But when we talk about the problem in question, it is necessary to emphasize that this type of delinquent behavior is characterized by a high dark figure of representation in reality. It is certain that the used data of non-governmental women's organizations and studies deviate in many cases from the official statistics of registered crime and the true picture of the phenomenology of family violence.
**Keywords:** family, violence, woman, pandemic, covid 19

# КРИМИНОЛОШКА АНАЛИЗА НА НАСИЛСТВОТО ВРЗ ЖЕНИТЕ И СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈА-КОВИД 19

**РобертДаути**
Адвокатсканканцеларија „Усеини", СевернаМакедонија, robertdauti@outlook.com
**Анита Даути**
Министерство за финансии, Северна Македонија, anitadauti7@gmail.com

**Резиме:** Во вонредни ситуации како што беше глобалната пандемија предизвикана од смртоносниот вирус Ковид- 19, насилството во семејството како феномен често се занемарува. Пред очите на јавноста се менуваа обрасците на деликвентното однесување и воопшто обележјата на криминалот. Целиот свет беше фокусиран кон притисокот врз здравствените системи, мерките за заштита на здравјето на човекот и економијата. Семејното насилство постана уште посериозен проблем, паралелна „пандемија во сенка" која на глобално ниво бележеше зголемување од 20% во услови кога стапката на целокупниот криминал во 2020 година беше во очекуван пад. На прв поглед ваквите показатели не се изненадувачки, ниту ја заобиколија Република Северна Македонија со оглед на епидемиолошките мерки кои делумно или целосно го ограничуваа движењето на граѓаните на целата територија на државата заради спречување на ширењето на заразата од

Ковид -19. Земјите беа ставени пред сериозен тест во планирањето и дизајнот на мерките и од аспект на подготвеноста на институциите во заштитата од насилство во состојба на криза каде што први на удар беа правата на жените- жртви на семејно насилство. Практично, најранливите меѓу нас беа ненамерно ставени во „стапица", принудно затворени во својот веќе несигурен дом заедно со потенцијалните насилници. Застапеноста на насилството врз жените и генерално семејното насилство е тешко да се утврди и квантифицира, земајќи ја предвид сензитивноста и сложеноста на темата, недовербата во институциите и стигматизацијата на жртвите. Сепак, авторот во рамките на предметот на истражување, ќе се обиде да даде генерален преглед на состојбите, вклучувајќи компаративни показатели и проблемите со насилството во семејството и дискриминацијата со кое жените се соочуваа во време на најголемата светска пандемија во Република Северна Македонија во 2020 година, наспроти ефективноста на владините мерки кои условија ограничено движење, социјална изолација и финансиска несигурност. Анализата на овие прашања бара квантитативен пристап кој вклучува различни истражувачки алати и методи како релевантни документи, закони, студии, извршени анализи, статистички извештаи од надлежни институции во областа на семејното насилство и родово базираното насилство со централно внимание на жените-жртви. Но, кога зборуваме за предметната проблематика, неопходно е да се потенцира дека овој вид на деликвентно однесување го карактеризира висока темна бројка на застапеност во реалноста. Извесно е дека користените податоци на невладините женски организации и студии во многу случаи отстапуваат од службените статистики на регистриран криминал и вистинската слика на феноменологијата на семејното насилство.
**Клучни зборови:** семејство, насилство, жена, пандемија, ковид 19

## 1. ВОВЕД

Семејното насилство во своите појавни облици и специфичности не претставува појава од понов датум. Насилството се јавува како несакана последица од неостварувањето на базичните функции на семејството поврзани со: раѓање, грижата, воспитувањето, образованието и материјалното обезбедување. Во меѓучовечките релации засновани на нееднаквост и злоупотреба на моќ, недозволените однесувања на сторителот да воспостави контрола врз жртвата со примена на сила и застрашување се препознаваа како приватна работа на семејството. Реакција на државата подолг период изостануваше, не постоеше соодветна правна регулатива, но проблемот со семејното насилство, сериозноста и штетноста на последиците (смрт, психички заболувања, зависност и сл.) од него го променија постоечкиот став, обезбедувајќи гаранција за сигурноста на поединецот и заштита на телесниот и моралниот интегритет. Со измените и дополнувањата на Кривичниот Законик во 2004 година, македонскиот законодавец за прв пат во членот 122, точка 19 го дефинира семејното насилство, инкриминирајќи соодветни нормативни решенија од аспект на широкиот круг на дејствија и актите кои што значат сторување на семејно насилство во рамките на различните постоечки кривични дела. Посебно треба да се нагласи дека кај овие дела како квалификаторен елемент се зема токму односот на сторителот спрема жртвата, релација која укажува на постоење на блискост и интимност. На тој начин во правниот систем на Република Северна Македонија се воведе казнено правна заштита на жртвите на семејното насилство. Иако семејното насилство не е регулирано како едно посебно кривично дело, истото се издвојува како посебен облик на насилен криминал со негово посебно дефинирање за кое се пропишани построги казни за кривичните дела што се сторени при вршење на семејно насилство и кривично гонење на сторителите по службена должност (Талевска, 2013). На иста правна линија се и бројни меѓународни документи кои прашањето за семејното насилство го регулираат како тежок насилнички криминалитет и флагрантно кршење на човековите слободи и права (Габеров, 2022).

## 2. ОПШТО ЗА НАСИЛСТВОТО ВО СЕМЕЈСТВОТО. ВИДОВИ И ОБЛИЦИ

Семејното насилство пред се е родово базирано насилство во кое во повеќе од 80% од случаите, според неговата типиологија, жртвите на семејно насилство се жени. Идентификувањето на жените како посебна категорија на жртви на семејно насилство се предвидува како обврска согласно Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и заштита од сите форми на насилство врз жените и домашно насилство (Габеров, 2019). Насилството врз жените не е системски дефинирано на меѓународно ниво, не постои универзална дефиниција и главно се одредува како сегмент од семејното насилство и неговата етиологија. Во зависност од начините на неговото извршување, тежината на последиците и личните својства на сторителите, семејното насилство се категоризира во неколку видови: физичко, психичко или емоционално и сексуално насилство, со што само се потврдува мрачната страна на човековата природа. Во Република Северна Македонија 45% од жените од својата 15 годишна возраст искусиле некаква форма на насилство од својот интимен партнер (физичко, сексуално и/или психичко), додека речиси секоја трета жена доживеала сексуално вознемирување (Димитровска & Кочоска, 2022). Во практиката, како најзастапен вид и

специфичен облик на семејно насилство се издвојува физичкото насилство кое се карактеризира со телесно повредување на жртвата преку превземање на различни дејствија на физичка сила во форма на обично телесно повредување (удирање шамари, давење, боксирање, тргање за коса и др.) изразено како Телесна повреда од чл.130, ст.2 од КЗ и тешко телесно повредување или тешко нарушување на здравјето на жртватаво рамките на семејството при вршење на семејно насилство (Тешка телесна повреда чл. 131, ст.2). Физичкото насилство во Република Северна Македонија, во најголем број на случаи се изразува преку удирање шлаканици (87.5%), закани за употреба на физичка сила (70.1%), зграпчување и туркање (63.9%) (Димковска, 2019). Поради неговата надворешна видливост, физичкото насилство претставува најочигледен пример на насилство врз жените. За разлика од него, кај емоционалното насилство трагите не се визуелни, бидејќи се нарушува благосостојбата и психичкото здравје на жртвата. Типични дејствија што значат исполнување на битието на психичкото семејно насилство се: болната љубомора, перманентното заплашување, закани за повредување, понижување и сл. Облиците на психичкото или емоционалното насилство во рамките на семејството се санкционираат во сетот на кривичните дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот: Присилба (чл.139, ст.2 од КЗ), Противправно лишување од слобода (чл.140, ст. 2 од КЗ) и Загрозување на сигурноста (чл.144, ст.2 од КЗ). Сексуалното насилство се случува скоро истовремено со физичкото насилство како негово дополнување. Најчесто се манифестира со присилување на жртвата на сексуални односи, сексуално вознемирување или друг облик на сексуална активност (допирање, милување) против волјата на другата личност (Димковска, 2019). Дејствијата на извршување на сексуалното насилство се инкриминирани во кривичните дела против половата слобода и половиот морал: Силување (чл. 186 од КЗ), Обљуба врз немоќно лице (чл.189, ст. 2 од КЗ) и Посредување во вршење на проституција (чл.191, ст. 4 од КЗ)

## 3. АНАЛИЗА НА ВЛИЈАНИЈАТА НА КОВИД- 19 НИЗ БРОЈКИ, НАСИЛСТВОТО ВРЗ ЖЕНИТЕ И СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (2020-2021).КОМПАРАТИВНИ ИСКУСТВА.

И пред пандемијата, бројките покажуваат дека дури една од пет жени во Европската Унија е жртва на семејно насилство, а во поголем ризик се жените кои доаѓаат од домаќинства кои се соочуваат со основни егзистенцијални проблеми (Јовановска, 2020). Генералниот секретар на ОН, Антонио Гутереш во едно од своите обраќања по повод глобалното нагло зголемување на насилството врз жените на самиот почеток од пандемијата ќе потенцира: *„Насилството не е присутно само на бојното поле. За многу жени и девојчиња, заканата се зголемува таму каде што треба да бидат најбезбедни-во нивните домови. И затоа, упатувам нов апел сега за мир во домовите ширум светот"* (VOA, 2020). Македонската влада на 18 март 2020 година прогласи вонредна состојба на територијата на целата држава заради спречување на ширење на вирусот Ковид-19. Црвениот аларм во поглед на бројот на жени-жртви на семејно насилство во Република Северна Македонија е одамна вклучен, нивниот број во претходните четири години се зголемил двојно повеќе. Само во периодот од 12 април до 12 мај 2020 година, Министерство за внатрешни работи евидентира зголемување на семејното насилство за 44,6%, споредено со истиот период во претходната 2019 година (Башевска, 2020). Во 2020 година според годишниот извештај на министерството биле евидентирани 3759 поплаки, 485 прекршоци за семејно насилство и 992 кривични дела против семејни насилници каде во 60% од случаите е утврдено дека имало телесна повреда, а не изостануваат и случаите на загрозување на сигурноста (Паскоска & Петровска, 2022). Се забележува пораст и во бројот на претставки за семејно насилство. Во периодот јануари/март 2020 година евидентирани се 920 претставки за разлика кога во 2019 година имало само 780. Од вкупно 1025 пријавени сторители, 930 се профилираат како мажи (Национална мрежа против насилство врз жени и семејно насилство, 2021). За жени со попреченост жртви на семејно насилство податоци нема, ниту евиденција на сторители. Во однос на насилството врз жени и девојки со попреченост единствено Македонското здружение на млади правници во 2020 година забележало еден случај на семејно насилство на жена со попреченост, додека во 2021 година се забележани и пријавени два случаи во кои како жртви се јавуваат девојче и жена со попреченост (Димитровска & Кочоска, 2022). Нотирани се и 4 случаи на убиства на жени, фемициди во вршење на семејно насилство во Скопје, Велес и Битола од кои две убиства во месеците април и мај 2020 година кога на сила беа најстрогите мерки за забрана на движење, иако претходните години се забележуваше тенденција на опаѓање на бројот на убиства при вршење на семејно насилство. Во сите случаи станува збор за сопруги кои веќе биле жртви односно трпеле насилство од своите партнери и пред почетокот на пандемијата со што одново се потврдува општоприфатената теза дека насилничкиот криминалитет и деликвенцијата се препознаваат како „машка работа".

И на глобално ниво, ситуацијата не е ништо поразлична. Во Р. Турција во месец март 2020 година со воведувањето во сила на 20 дневната изолација (од 11март) се случуваат најтраорните статистики. Регистрирани се 29 фемициди во кои дури 21 жена била убиена од сопствениот маж. Од нив 18 биле убиени во заедничкиот дом, а 4 на работно место (Јовановска, 2020). Велика Британија бележи рекорден број на фемициди, двојно повеќе, какви што не памети во последните 11 години пред пандемијата. Во Р. Франција како европски лидер во застапеноста на семејното насилство само во првата седмица од започнување на изолацијата, стапката на семејно насилство се зголемила за една третина. Шпанија регистрира нереални теренски податоци од дури 700% зголемување на бројот на жени кои побарале помош од сервисите за поддршка преку социјални мрежи и електронска пошта. Меѓутоа, невладините организации во државата и светот забележуваат дека овие показатели во време на пандемија не ја отсликуваат квантитативната димензија на проблемот и се далеку во однос на високата „темна бројка” во реалноста. Најголем број од жртвите не го пријавуваа семејното насилство поради отежнатиот процес на пријавување, неможноста на безбеден и доверлив начин да се обратат до институциите во казнено правниот систем на заштита како и заради постојаниот страв и немоќ од присуството на насилникот во домот (Салихи &Трајчов 2021). Семејното насилство не се евидентира редовно, ниту се следи во некаков организиран облик, податоците се сведуваат само на пријавени случаи. Емоционалното и сексуалното насилство во вонредни услови на пандемија се понемерливи. Насилството врз жените најчесто се открива при убиства на жртвата и во бракоразводни парници. Ограничениот пристап до сервисите за поддршка и заштита, непропорционалната моќ и контрола на насилниците врз своите жртви, вклучително и следењето на комуникацијата и пристапот до клучни информации и ресурси, финансиската несигурност во услови на економска криза, влијаеа повеќето случаи да останат непријавени за околу 30%.

**4. ПРЕГЛЕД НА ЕФЕКТОТ ОД ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖЕНИТЕ-ЖРТВИ НА НАСИЛСТВО И СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО КАКО ОДГОВОР НА КОВИД- 19**

Пандемијата разорно ги премина границите на првично здравствената криза, продлабочувајќи ја нееднаквоста и дискриминацијата меѓу населението, посебно помеѓу ранливите категории на граѓани. Република Северна Македонија по примерот на другите држави во светот првенствено беше фокусирана во донесување на рестриктивни мерки и препораки за превенција и спречување на ширење на вирусот во услови на пандемија. Жените жртви на семејно насилство и нивните деца како особено ранлива категорија под зголемен ризик беа нецелосно опфатени во креираните пакет мерки за заштита и поддршка, а уште помалку или воопшто жените со попреченост (освен дозволата за движење во време на полицискиот час) со што беа директно дискиминирани и стигматизирани во однос на останатите ранливи групи. Воведените мерки дотолку повеќе го зајакнаа родовиот традиционален стереотип за улогата на жената во семејството. Во состојба на физичка ограниченост и изолираност во границите на домот кога жртвата има отежнат пристап до надлежните институции за помош, семејното насилство на национално ниво сосема очекувано бележеше позитивен предзнак на застапеност. Институционалниот пристап до полицијата, центрите за социјална работа, судовите, здравствените установи беше однапред ограничен, безмалку недостапен. Одговорот на порастот на ризикот од семејно насилство и насилството врз жените се сведуваше главно на отстапувања од мерките за ограничено движење на граѓаните во време на полицискиот час, информативни кампањи за препознавање на формите на насилството и негово пријавување, како и достапна помош и поддршка на жртвите (Национална мрежа против насилство врз жени и семејно насилство, 2020а).
Меѓутоа, факт е дека на ниту една од владините мерки не и претходеше родова анализа. Конкретно, мерката за ограничено движење на самиот почеток од пандемијата беше лошо осмислена, родово негативна, бидејќи заборавише на жените жртви на семејното насилство. Како и другите мерки поради итноста на здравствената криза истата се донесе без консултација на заинтересираните страни. По големиот број на ургенции и барања од страна на Националната мрежа за борба против насилството врз жените и нивните деца, македонското Министерство за внатрешни работи одговори конструктивно на критиките. Мерката за ограничено движење во исклучоците ги вклучи и жртвите на семејното насилство, давајќи им можност во случај на директен ризик од насилство да можат да ги напуштат домовите во време на полициски час без да бидат санкцинирани, а заради пријавување и соодветна заштита и помош пред надлежните државни институции. Функционирањето на службите во системот на правната заштита на жртвите на семејно насилство се сведуваше на апели за телефонско јавување, полуфункционални, со скратено работно време и ограничени човечки ресурси за работа. Пристапот до примарна бесплатна правна помош како услуга на Министерството за правда не беше во целост достапна, а дополнително беа ограничени и капацитетите за безбедно и сигурно сместување на жените жртви на семејно насилство (Ристеска, 2020). Освен објавеното известување на Министерство за труд и социјална политика во форма на информативни спотови со броеви

за пријавување на насилство не е предложена ниту изречена ниту една мерка за жртвите на семејното и родово базирано насилство (Нушкова, 2020). Дополнително на 9-ти април 2020 година, Владата на Република Северна Македонија донесе неочекувана одлука за пренамена на 5 милиони денари од програмата за родова еднаквост на Министерството за труд и социјална политика, наменета за финансирање и поддршка на активностите на граѓанскиот сектор во унапредување на родовата еднаквост, превенција и заштита од родово базирано насилство, како и редуцирање на негативното влијание на кризата врз родовата нееднаквост. (Национална мрежа против насилство врз жени и семејно насилство, 2020b).

**5. ЗАКЛУЧОК**

Со ваквиот чин државата покажа родово неодговорно буџетирање и покрај нејзините обврски наспроти Стратегијата за родова еднаквост 2013-2020 година, препораките на ООН и Европската комисија. Но, во превенирање на насилството не потфрли само Република Северна Македонија. Ковид кризата ги исфрли на површината недостатоците на владините мерки, дури и во земји членки на Европската Унија каде капацитетите на центрите за заштита и рехабилитација на жени се испоставија дека се двојно помали од пропишаните согласно Конвенцијата за превенција и борба против насилството врз жената и семејното насилство (Истанбулската конвенција) и не соодветсвуваа на конкретните потреби (Јовановска, 2020). Ефектите од мерките и воопшто ковид пандемијата покажа дека целокупниот напредок и долгогодишните напори во борбата против насилството врз жените може да исчезне. Општествените чинители во периодот што следува треба особено да се фокусираат на есенцијата на проблемот во решавање на основните фактори кои причинуваат насилство.

**ЛИТЕРАТУРА**

Башевска, М. (2020). Влијанието на Ковид-19 врз мажите и жените во Северна Македонија, Скопје, 18

Габеров, М. (2019). *Убиство при вршење на семејно насилство*, Стручни статии, retrieved from https://www.pravdiko.mk/ubistvo-pri-vrshene-na-semejno-nasilstvo/

Габеров, М. (2022). *Казнено правна заштита од физичко семејно насилство со посебен осврт на кривичните дела телесна повреда и тешка телесна повреда*, Стручни статии, retrieved from https://www.pravdiko.mk/kazneno-pravna-zashtita-od-fizichko-semejno-nasilstvo-so-poseben-osvrt-na-krivichnite-dela-telesna-povreda-i-teshka-telesna-povreda/

Димитровска, Н., & Кочоска, Е. (2022). Превенција на родово базирано насилство врз жени и девојки со попреченост,[Истражувачки извештај], Скопје,6

Димковска, И. (2019). *Семејно насилство и неговите видови*, Стручни статии, retrieved from https://www.pravdiko.mk/semejno-nasilstvo-i-negovite-vidovi/

VOA. (2020 April 7). *Обединети нации: Домашното насилство расте под притисок на пандемијата.* Retrieved from https://mk.voanews.com/a/un-domestic-violence/5363667.html

Јовановска, Б. (2020, May 4). *Пандемија во сенка*. Retrieved from https://meduza.mk/fem-101/pandemi%D1%98a-vo-senka/

Национална мрежа против насилство врз жени и семејно насилство. (2020). Справување со насилство врз жените и семејно насилство во Западен Балкан за време и по здравствената криза со КОВИД-19, Скопје,18

Национална мрежа против насилство врз жени и семејно насилство. (2020). Ковид 19 и родот, *Второ издание,* Скопје, 4

Национална мрежа против насилство врз жени и семејно насилство. (2021). *Домот за жената во Македонија е најнебезбедно место за живеење,* Retrieved from https://glasprotivnasilstvo.org.mk/domot-za-zhenata-vo-makedonija-e-najnebezbedno-mesto-za-zhiveene/

Нушкова, А. А. (2020, November 25). *Жените жртви на семејно насилство и нивните деца се уште се стигматизирани кај нас*. Retrieved from https://fashionel.mk/intervju/zhenite-zhrtvi-na-semejno-nasilstvo-i-nivnite-deca-sje-ushte-se-stigmatizirani-kaj-nas

Паскоска, С., & Петровска, С. (2022 July 4). *Сопругите најчести жртви на семејно насилство*. Retrieved from https://medium.edu.mk/master-casovi-za-mediumi-i-novinarstvo/soprugite-najcesti-zrtvi-na-semejno-nasilstvo/

Ристеска, М. (2020). Анализа на влијанијата од Ковид-Сарс-19 на родот и различностите, Скопје, 63

Салихи, Б., &Трајчов, К. (2021, June 1). *Поплаките за семејно насилство се зголемиле за време на пандемија.* Retrieved from https://pina.mk/4845-poplakite-za-semejno-nasilstvo-se-zgolemile-za-vreme-na-pandemijata/

Талевска, А. (2013). *Правното уредување на семејното насилство во Р.Македонија*, Стручни статии. Retrieved from https://www.pravdiko.mk/pravnoto-ureduvan-e-na-semejnoto-nasilstvo-vo-r-makedonija/